**Република Северна Македонија**
**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ДОМУВАЊЕ**

Врз основа на член 109 став 1 точка 6 од Законот за домување ("Службен весник на Република Македонија" бр.99/2009, бр.57/2010, бр.36/2011, бр,54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014 и бр.199/2014, 146/2015, бр.31/2016 и бр.64/2018 и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.302/2020, бр.150/2022, бр.224/24 и бр.160/2025) Регулаторната комисија за домување продолжува

# *Л И Ц Е Н Ц А*

**ЗА УПРАВИТЕЛ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ НА УПРАВУВАЊЕ СО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ**

**НА**

**"ВАШ-ЕКО ДОМ УПРАВИТЕЛ" ДООЕЛ Скопје**

**бул."Партизански Одреди" бр.37 к-2 мезанин Скопје**
**ЕМБС 6670008**

**ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО 11.12.2030год.**

**Број Уп.08-11/3**
**од 11.12.2025год**

**Претседател на Регулаторна комисија за домување**
**М-р Зоран Маџовски**

**М.П.**

**До:** “ВАШ-ЕКО ДОМ УПРАВИТЕЛ” ДООЕЛ Скопје
Бул.”Партизански Одреди” бр.37 к-2 мезанин Скопје
1000 Скопје

**Наш број:** Уп.08-11
**Дата:** 10.12.2025 г

**Предмет:** Решение за продолжување на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради

Регулаторната комисија за домување врз основа на член 109 став 1 точка 6 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010,бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015 и бр.31/2016 и бр.64/2018) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.302/2020, бр.150/22, бр.224/24 и бр.160/25) и врз основа на член 5 став 2 од Правилникот за начинот на издавање, продолжување и одземање на лиценцата за вршење на дејностите на управување со станбена зграда, како и формата и содржината на образецот за лиценца ("Службен весник на РМ" бр.63/2019), постапувајќи по барањето на “ВАШ-ЕКО ДОМ УПРАВИТЕЛ” ДООЕЛ Скопје, за продолжување на лиценца за вршење на дејностите на управување со станбени згради, на седницата одржана на 10-12-2025 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

## ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА

## ЗА УПРАВИТЕЛ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ

## НА УПРАВУВАЊЕ СО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ

1. На “ВАШ-ЕКО ДОМ УПРАВИТЕЛ” ДООЕЛ Скопје, му се продолжува лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради.
2. За продолжување на лиценцата од став 1, фирмата “ВАШ-ЕКО ДОМ УПРАВИТЕЛ” ДООЕЛ Скопје, се задолжува да плати надоместок во висина од 1000 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на денот на уплатата, со цел на дознака: надоместок за лиценца, назив на примачот: Регулаторна комисија за домување – Скопје, сметка на примачот: 020096159063116, приходна шифра:725939, програма 20
3. Правата и обврските на управителот за вршење на дејностите на управување со станбени згради се определени со член 19 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010,бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012 бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016 и бр.64/2018) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.302/2020, бр.150/22, бр.224/24 и бр.160/25)
4. Решението влегува во сила со денот на донесувањето

Образложение

“ВАШ-ЕКО ДОМ УПРАВИТЕЛ” ДООЕЛ Скопје, до Регулаторната комисија за домување поднесе Барање со наш бр.Уп.08-11 од 05.12.2025 год. за продолжување на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради, со прилог:

- Доказ за регистрација  во Централниот регистар на РСМ  со паричен влог од 15.000 евра во денарска противвредност
- Доказ за пет вработени лица (М1 и М2 образец за едно лице со високо образование со полно работно време, за три лица со завршено средно образование со полно работно време и едно лице со завршено средно образование со половина работно време)
- Изјава за веродостојност на податоците заверена на Нотар
- Список на објекти со број на склучени договори за вршење на управувачки услуги – 391 (триста деведесет и еден) и број на станбени/деловни единици 7430 (седум илјади четиристотини и триесет).
- Изјава за веродостојност на податоците за склучени договори заверена на Нотар

Поднесеното барање со приложената потребната документација беше разгледано од Регулаторната комисија за домување и беше констатирано дека “ВАШ-ЕКО ДОМ УПРАВИТЕЛ” ДООЕЛ Скопје, ги исполнува условите согласно член 10 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009,бр.57/2010,бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/1012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016 и бр.64/2018) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.302/2020, бр.150/22, бр.224/24 и бр.160/25).

На ден 10.12.2025г. Регулаторната комисија за домување одржа редовна седница и донесе Решение за продолжување  на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради на “ВАШ-ЕКО ДОМ УПРАВИТЕЛ” ДООЕЛ Скопје. Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Со почит,

Претседател
М-р Зоран Маџовски

Изготвил: Јасмина Петреска